2020

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2020



Велес, Март 2021 година

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Изготвил: Центар за развој на Вардарски плански регион

Предлага: в.д.Раководител на Центар за развој на
Вардарски плански регион
Д-р Игор Андреев

Усвојува: Совет за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Аце Коцевски

Центар за развој на ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВЕЛЕС

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

***ВОВЕД***

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 6 и 7 и член 32 од Законот за рамномерен регионален развој на Република С.Македонија (Сл.Весник на Р.С.М. бр.24/2021), а согласно Одлуката за основање на Центарот за развој на Вардарски плански регион подготви:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 ГОДИНА ЗА 2020 ГОДИНА

Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион го опфаќа периодот јануари – декември 2020 година.[1]

Во овој период, Центарот за развој на Вардарски плански регион во координација со 9 (девет) единици на локалната самоуправа во состав на регионот (Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Чашка, Градско, Росоман, Лозово и Свети Николе), реализираше проектни активности согласно утврдените среднорочни цели и приоритети во Програмата за развој на Вардарски плански регион 2015-2019 година и Годишниот Акционен план за 2020 година.

Дополнително, поради тоа што 2020 година беше „непокриена година“ во контекст на „транзициски период“ на премин од старата Програма 2015-2019 година, кон новата Програма 2020-2024 година (чија година на старт, голема е веројатноста да се редефинира и да биде со датум „2021 година“), конкретниот Извештај е поделен на два дела.

[1] Со согласност на сите чинители, проектите кои се имплементирани во 2020 година, беа во функција на реализација на Програмата за развој на Вардарски плански регион 2015-2019 година. Ова од причина што 2020 година беше „непокриена година“ во контекст на „транзициски период“ на премин од старата Програма 2015-2019 година, кон новата Програма 2020-2024 година, која во драф-верзија е донесена, но сè уште не е финално усвоена, заради доцнење во конечното усвојување на Националната стратегија за рамномерен регионален развој. Имајќи го ова во вид, голема е веројатноста, годината на старт на новата четиригодишна Програма, во финалната верзија да се редефинира и да биде со датум „2021 година“.

Првиот дел се однесува на сите имплементирани проекти во 2020 година, кои се во функција на спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион 2015-2019 година, додека вториот дел ги опфаќа проектите во фаза на евалуација и/или имплементација, кои се во насока на спроведување на новата Програма за развој на Вардарски плански регион 2020-2024 година. При тоа, и во двата случаи, станува збор за реализација на проекти финансирани пред сѐ од национален буџет преку Програмата за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, потоа проекти финансирани од националниот буџет преку Програмите на линиските министерства, како што се проектите финансирани од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, проекти од грантовата шема за инвестициски и иновативни пороекти на Швајцарската Агенција за развој и соработка - Швајцарска конфедерација, проекти од програмата за мали грантови на Јапонската амбасада со седиште во Скопје и од разни други фондови на Европската Унија и останати странски и домашни донатори.

Имајќи го ова во вид, во продолжение се презентирани визиите, среднорочните цели, приоритети и мерки во Програмата за развој на Вардарскиот плански регион 2015-2019 година и во усвоената драфт-верзија на Програмата за развој на Вардарски плански регион 2020-2024 година и следствено на тоа, тековниот статус на сите проекти кои се стартувани и/или имплементирани во периодот јануари-декември 2020 година.

## ПРВ ДЕЛ – ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 ГОДИНА

Визијата за регионален развој на Вардарски плански регион, упатува на крајната цел што треба да се постигне:

“Вардарскиот регион е насочен кон развој на конкурентна економија, одржлив развој на винскиот и културниот туризам, притоа зачувувајќи ја животната средина за подобар квалитет на живот”.

**Во продолжение Среднорочни цели/приоритети/мерки за реализирање на поставената визија:**

| Среднорочна цел 1 | Подобрување на условите за живот преку унапредувањето на заштитата на животната средина |
|---|---|
| **Приоритет 1.1** | **Комунална инфраструктура и комунални услуги** |
| **Мерки:** | 1.1.1 Подобрување на постојните и изградба на нови системи за водоснабдување<br>1.1.2. Развој на системите за одводнување и прочистување на отпадните комунални води<br>1.1.3 Регионално управување со комуналниот цврст отпад |
| **Приоритет 1.2** | **Справување со последиците од Климатските промени** |
| **Мерки:** | 1.2.1 Потикнување на одржливо користење на енергија<br>1.2.2 Подобрување на енергетската ефикасност |
| **Приоритет 1.3** | **Заштита на природата и биодеверзитетот** |
| **Мерки** | 1.3.1 Заштита на површинските и подземните води<br>1.3.2 Зачувување на биолошката разновидност |
| **Среднорочна цел 2** | **РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕН ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА** |
| **Приоритет 2.1** | Подобрување и модернизација на транспортната инфраструктура |

| | |
|---|---|
| **Мерки** | 2.1.1 Реконструкција и градба на патната мрежа<br>2.1.2 Реконструкција на железничка инфраструктура |
| **Приоритет 2.2** | Осовременување на јавниот транспорт и зголемување на мобилноста |
| **Мерки** | 2.2.1 Осовременување на јавниот транспорт<br>2.2.2 Зголемување на мобилноста на населението |
| **Приоритет 2.3** | Развој на информатичкото општество |
| **Мерки** | 2.3.1 Подобрување на е-пристапноста и дигиталната писменост<br>2.3.2 Воведување на е-услуги и развој на е-владеење |
| **Приоритет 2.4** | Просторно планирање |
| **Мерки** | 2.4.1 Развој и ажурирање на планската документација |
| **СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 3:** | **ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ВИНСКИОТ И КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ СО КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ НА СИТЕ ОСТАНАТИ ВИДОВИ ТУРИЗАМ ПРЕКУ РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ** |
| **Приоритет 3.1** | Развој на инфраструктурата и угостителско сместувачки капацитети |
| **Мерки** | 3.1.1 Изготвување на урбанистичко – планска документација<br>3.1.2 Обезбедување инфраструктура до туристичките атракции<br>3.1.3 Обезбедување на поволни услови за изградба на сместувачки капацитети и категоризација<br>3.1.4 Обезбедување сигнализација и визуализација на туристички атракции<br>3.1.5 Користење на системи на електронска резервација<br>3.1.6 Користење на инвестициски фондови за ревитализација, конзервација и заштита на природното и културното наследство |
| | |

| | |
|---|---|
| **Приоритет 3.2** | Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот |
| **Мерки** | 3.2.1 Креирање на систем на туристички бироа<br>3.2.2 Организирање систем обуки за подигање на компентенциите на вклучените во туризмот<br>3.2.3 "Промотивни кампањи и материјали за развој на туризмот<br>3.2.4 Зајакнување на ингеренциите на кластерот Тиквешки вински пат<br>3.2.5 Систем за евиденција на туристи<br>3.2.6 Создавање клима за јавно – приватно партнерство |
| **Приоритет 3.3** | Креирање на регионална туристичка понуда |
| **Мерки** | 3.3.1 Мапирање на туристичките атракции<br>3.3.2 Вмрежување и поддршка на туристичките манифестации<br>3.3.3 Брендирање на винскиот туризам<br>3.3.4 Формирање на заеднички туристички програми<br>3.3.5 Развој на гастрономска понуда |
| **СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 4** | **КОНКУРЕНТЕН РЕГИОН СО ОПТИМАЛНО ИСКОРИСТЕНИ ПОТЕНЦИЈАЛИ** |
| **Приоритет 4.1** | Усогласување на потребите на бизнис секторот со понудата на трудот |
| **Мерки** | 4.1.1 Истражување на потребите на пазарот на труд<br>4.1.2 Поддршка за подготовка на програми за квалификација, согласно побарувачката за труд |
| **Приоритет 4.2** | Промоција на можностите на регионот и зголемување на инвестициите |
| | 4.2.1 Сертификација на Единиците на локална самоуправа<br>4.2.2 Вмрежување<br>4.2.3 Изработка на студии и документација |
| **Приоритет 4.3** | Поголема искористеност на програми за финансирање |

| | |
|---|---|
| **Мерки** | 4.3.1 Зголемена информираност за достапните програми за финансирање<br>4.3.2 Подигнување на капацитетите |
| **Приоритет 4.4** | Зголемување на извозот и конкурентноста |
| **Мерки** | 4.4.1 Поттикнување на кластери<br>4.4.2 Промоција на препознатливи индустриски производи<br>4.4.3 Поддршка на инвеститори |
| **Приоритет 4.5** | Поттикнување на креативни индустрии |
| **Мерки** | 4.5.1 Поттикнување на бизнис инкубатори<br>4.5.2 Поддршка на стари занаети |
| **Приоритет 4.6** | Подрачја со специфични развојни потреби |
| **Мерки** | 4.6.1 Подобрување на условите за живот во местата со специфични развојни потреби преку изградба на сообраќајната и комуналната инфраструктура<br>4.6.2 Создавање на услови за ревитализација на местата со специфични развојни потреби |
| **СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 5** | **РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНТНИ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА** |
| **Приоритет 5.1** | Развој на инфраструктурата во образовните институции |
| **Мерки** | 5.1.1 Истражување за инфраструктурните проблеми во училиштата<br>5.1.2 Поддршка за изработка на инфраструктурни проекти |
| **Приоритет 5.2** | Развој на човечки ресурси |
| **Мерки** | 5.2.1 Зголемување на соработката со НВО секторот<br>5.2.2 Искористување на програми за мобилност<br>5.2.3 Подигнување на капацитетите на наставничкиот кадар<br>5.2.4 Развој на претприемачка мисла |

| | |
|---|---|
| **Приоритет 5.3** | Подобрување на здравствената заштита |
| **Мерки** | 5.3.1 Организирање на мобилни екипи за примарна здравствена заштита<br>5.3.2 Идентификување на потребите за здравствените работници |
| **Приоритет 5.4** | Зголемување на социјална заштита |
| **Мерки** | 5.4.1 Поддршка за отварање на градинки и домови за стари лица<br>5.4.2 Отварање на пензионерски клубови во руралните средини<br>5.4.3 Изработка на програма за поддршка на маргинализирани групи<br>5.4.4 Олеснат пристап за движење на лицата со посебни потреби<br>5.4.5 Поддршка за соодветни кадар за лица со посебни потреби |
| **СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 6** | **ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СОВРЕМЕНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ДИВЕРЗИФИЦИРАН РУРАЛЕН РАЗВОЈ** |
| **Приоритет 6.1** | Зголемена конкурентност на земјоделството во регионот |
| **Мерки** | 6.1.1 Јакнење на капацитетите на јавниот и индивидуалниот сектор |
| **Приоритет 6.2** | Поставување на поволна инфраструктура за развој на земјоделството и руралниот туризам |
| Мерки | 6.2.1 Развој на руралната инфраструктура, наводнување и откупни центри<br>6.2.2 Развој на рурален туризам |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ЗА СТАТУСОТ НА СИТЕ ПРОЕКТИ ВО 2020 ГОДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 ГОДИНА:

| Ред. Бр. | Стратешки цели/Приоритети/ Мерка | Активност | Вкупна вредност на проектот (во денари) | Извори на финансирање | Статус на проектот | Надлежна институција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Среднорочна цел 1**<br>Подобрување на условите за живот преку унапредувањето на заштитата на животната средина | | | | | | |
| 1 | **Приоритет 1.1**<br>Комунална инфраструктура и комунални услуги<br><br>**Мерка 1.1.1**<br>Подобрување на постојните и изградба на нови системи за водоснабдување<br><br>**Мерка 1.1.2**<br>Развој на системите за одведување и | **Одржување на чиста и здрава животна средина преку набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП во општините Лозово, Демир Капија, Неготино и Росоман** | 20.223.542,00 | Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој ПРРР 2020 година<br><br>Општина Лозово-941.050,00 денари<br>МЛС/БРР – 19.282.492,00 денари | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | прочистување на отпадните комунални води<br><br>**Мерка 1.1.3**<br>Регионално управување со комуналниот цврст отпад | | | | | |
| | **Приоритет 1.1**<br>Комунална инфраструктура и комунални услуги<br><br>**Мерка 1.1.3**<br><br>Регионално управување со комуналниот цврст отпад | **Подобрување на комуналната инфраструктура во општина Градско преку набавка на трактор со приключна механизација** | 2,470.947,00 | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Градско |
| **2** | **Приоритет 1.1**<br>Комунална инфраструктура и комунални услуги<br><br>**Мерка 1.1.1**<br>Подобрување на постојните и | **Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на систем за водоснабдување во село Отовица, општина Велес** | 6.606.866,00 денари | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2020 година | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | изградба на нови системи за водоснабдување | | | | | |
| 3 | **Приоритет 1.2** Справување со последиците од климатските промени<br>**Мерка 1.2.2** Подобрување на енергетска ефикасност | **Подобрување на квалитетот на услугите од областа на културата преку зголемување на енергетската ефикасност на Домот на Култура во општина Свети Николе** | 8.571.524,00 денари | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2020 година МЛС/БРР – 6.123.778,00 денари Општина Свети Николе – 2.447.746,00 денари | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| | **Приоритет 1.2** Справување со последиците од климатските промени<br>**Мерка 1.2.2** Подобрување на енергетска ефикасност | **Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во земјоделското средно училиште „Ѓорче Петров" Кавадарци** | 5.166.000,00 | Нордиска поддршка за прогрес на Република Северна Македонија<br>84.000 евра –Нордиска поддршка<br>4.000 –контрибуција од општина Кавадарци | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион/ Општина Кавадарци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | **Приоритет 1.3**<br>Заштита на природата и биодиверзитетот<br><br>**Мерка 1.3.2**<br>Зачувување на биолошката разновидност | **Заштита на животната средина во Вардарскиот регион преку финализирање на речното корито на река Луда Мара, Општина Кавадарци** | 21.504.969,00 денари | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2020 година во износ од 5.609.970,00 ден и општина Кавадарци во износ од 15.894.999,00 денари | Во завршна фаза на имплементација | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| 5 | **Приоритет 1.6**<br>**Подобрување на инфраструктура во здравство, социјала и образование**<br><br>**Мерка:**<br>**Градба и реновирање на објекти од здравство, социјални услуги и образовни услуги во регионот** | **Набавка на рентген апарат за потребите на болницата во Велес** | **60.748 evra** | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општа Болница Велес |
| **Среднорочна цел 2**<br>**Развој на современ транспорт и инфраструктура** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | **Приоритет 2.1** Подобрување и модернизација на транспортната инфраструктура<br><br>**Мерка 2.1.1** Реконструкција и градба на патната мрежа<br>- Подготовка на техничка документација | **Развивање на патната мрежа во регионот, преку изработка на техничка документација за изградба на јужна и северозападна обиколница во општина Неготино** | Вкупна вредност на проектот 1.482.457.6 денари, односно 1.399.857,60 денари за изработка на техничка документација и 82.600,00 денари за ревизија на техничката документација | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2019 година 1.482.457,6 денари | Во завршна фаза на имплементација | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| 6 | **Приоритет 2.1** Подобрување и модернизација на транспортната инфраструктура<br><br>**Мерка 2.1.1** Реконструкција и градба на патната мрежа | **Подобрување на патната инфраструктура преку реконструкција на локални патни правци од село Горно Врановци до регионален пат Р 2344 Чашка – Дреново, општина Чашка (втора фаза) и улица 1 во село Подлес, општина Градско** | Вкупна вредност на проектот 6.625.239,00 денари за општина Чашка – 4.390.407,00 денари; за општина Градско – | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2020 година | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2.234.831,50 денари | | | |
| **7** | **Приоритет 2.2**<br>Осовремување на јавниот транспорт и зголемување на мобилноста<br><br>**Мерка 2.2.2**<br>Зголемување на мобилноста на населението<br>- Градење на пешачки патеки | **Унапредување на туристичкиот потенцијал на општина Свети Николе и ВПР преку изградба на пешачка патека до археолошкиот локалитет Била Зора (втора фаза)** | 8.789.858,00 | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2019 година- 5.209.267,00 денари<br><br>Општина Свети Николе - 3.580.591,00 денари | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| **8** | **Приоритет 2.2**<br>Осовремување на јавниот транспорт и зголемување на мобилноста<br><br>**Мерка 2.2.2**<br>Зголемување на мобилноста на населението | **Изградба на велосипедска патека од мост во с.Ваташа до Моклишка Воденица, општина Кавадарци** | 16.966.734,00 денари | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој- Мерка 323 - 14.543.481,00 денари – доделени средства<br><br>Општина Кавадарци - 2.617.826,58- доделени средства | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Градење на велосипедски патеки | | | | | |
| 9 | **Приоритет 2.2**<br>Осовремување на јавниот транспорт и зголемување на мобилноста<br><br>**Мерка 2.2.2**<br>Зголемување на мобилноста на населението<br>- Градење на велосипедски патеки<br>- Градба на пешачки патеки | **Изградба на скејт парк со седум елементи, уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски плански регион**<br>**Активности:**<br>1.Градежни и градежно занаетчиски работи за поставување на рамно плато за скејт парк и електрика во општина Кавадарци<br><br>2. Уредување на велосипедски и пешачки патеки и комунално уредување на качувачки локалитет во Демиркаписка клисура, во близина на река Челевечка<br><br>3. Градежни работи за проширување и стабилизирање на планинарска патека до изворите на река Бабуна во должина од 1560 метри (општина Чашка) | 8.228.681,00 денари | Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка (Грантова шема за инвестициски проект)<br>- SDC /МЛС во висина од 6.068.232,00 денари<br><br>-Општина Кавадарци во висина од 1.725.321,00 денари<br>- Општина Демир Капија- 165.128,00 денари | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | **Приоритет 2.4**<br>Просторно планирање<br><br>**Мерка 2.4.1**<br>Развој и ажурирање на планската документација | **Изработка на урбанистички планови за с.Црнилиште, с.Амзибегово, с.Ерџелија, с.Кадрифаково, с.Мустафино, с.Преод, с.Трстеник и с.Горубинци** | 6.372.000,00 | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој-Програма за финансиска поддршка на руралниот развој Мерка 322<br>5.400.000,00<br><br>Општина Свети Николе<br>972.000,00 | Во фаза на имплементација | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| 11 | **Приоритет 3.3**<br>Креирање на регионална туристичка понуда<br><br>**Мерка 3.3.2**<br>Вмрежување и поддршка на туристичките манифестации | **Подобрување на инфраструктурните услови за создавање на мулти-функционален објект за поддршка на културно-уметнички и спортско-рекреативни настани во општина Лозово** | 7.704.223,00 | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2019 година-<br>5.877.708,00 денари<br><br>Општина Лозово -<br>1.826.515,00 денари | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | **Приоритет 3.3**<br>Креирање на регионална туристичка понуда<br><br>**Мерка 3.3.3**<br>Брендирање на винскиот туризам | **Унапредување и промоција на винскиот туризам во Вардарски плански регион преку инфраструктурно уредување на регионален вински центар – винска куќа во општина Кавадарци** | 7.549.639,00 | Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој ПРРР 2019 година - 4.453.179,00 денари<br><br>Општина Кавадарци - 3.096.460,00 денари | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| **Среднорочна цел 4**<br>**Конкурентен регион со оптимално искористени потенцијали** | | | | | | |
| 13 | **Приоритет 4.3**<br>Поголема искористеност на програми за финансирање<br><br>**Мерка 4.3.1**<br>Зголемена информираност за достапните програми за финансирање | **Финансиска поддршка на регионалниот бизнис-центар во рамки на Центарот за развој на Вардарски плански регион во рамки на СДЦ МЛС за 2019 година**<br>**Активности:**<br>1. Организирање на обука во зависност од утврдените потреби<br>2. Ангажирање на консултант за организарање на настан за идентификување на проектната идеја за иновативен проект 2020 година; | 101.791,00 денари (вредност на договори со вршители на услуга) | Министерство за локална самоуправа/Швајцарска агенција за развој и соработка | Имплементирани | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | **Приоритет 4.2** Промоција на можностите на регионот и зголемување на инвестициите | **Финансиска поддршка на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2019 година Активности** 1.Поддршка на ЦРР/РС за примена на регионални форуми во процесот на идентификација на проектни идеи за грантовата шема 2. Подготовка на Програми за развој на планските регион 2020-2024 | 831.200,00 денари (вредност на договори со вршители на услуга) | Министерство за локална самоуправа/Швајцарска агенција за развој и соработка | Во фаза на имплементација | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| | | **Договор за финансиска поддршка на Центарот за развој на Вардарски плански регион за организирање на регионални форуми на заедницата за 2020 година Активности** 1.Поддршка на центарот за спроведување на регионални форуми во заедницата преку ангажирање на модератор; 2.Поддршка на центарот за подготовка на концепт реенија и предлог проекти во идентификуваната област преку ангажирање на надворешен експерт | 134.600,00 денари (вредност на договори со вршители на услуга) | Министерство за локална самоуправа/Швајцарска агенција за развој и соработка | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| **Среднорочна цел 6** **Искористување на регионалниот потенцијал за современо земјоделство и диверзифициран рурален развој** | | | | | | |
| 15 | **Приоритет 6.2** Поставување на поволна инфраструктура за развој на земјоделството и руралниот туризам | **Подобрување на руралната инфраструктура во Вардарски плански регион преку изградба на центар за откуп на земјоделски производи во општина Градско** | 5.836.387,00 | Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој ПРРР 2019 година | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка 6.2.1** Развој на руралната инфраструктура, наводнување и откупни центри | | | 5.836.387,00 денари | | |
| 16 | **Приоритет 6.2** Поставување на поволна инфраструктура за развој на земјоделството и руралниот туризам<br><br>**Мерка 6.2.1** Развој на руралната инфраструктура, наводнување и откупни центри | **Подобрување на патната инфраструктура во подрачја со земјоделска дејност и обработливи површини во ВПР** | 355.180,00 денари | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| 17 | **Приоритет 6.2** Поставување на поволна инфраструктура за развој на земјоделството и руралниот туризам<br><br>**Мерка 6.2.1** Развој на руралната инфраструктура, | **Подобрување на поврзаноста на руралните средини во Вардарскиот плански регион преку изградба на локалните патни правци с.Горни Дисан – с.Вешје, општина Неготино и с.Сливник – с.Бузалково, општина Велес** | 16.727.021,02 денари | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој- Мерка 321 – 14.062.993,02 денари<br><br>Општина Велес - 1.395.168,00 денари | Имплементиран | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наводнување и откупни центри | | | Општина Неготино - 1.268.860,00 денари | | |

## ВТОР ДЕЛ – ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2020-2024 ГОДИНА

Новата, редефиниран Визија за развој на Вардарскиот плански регион за периодот до 2024 година гласи:

„Брз и рамномерен развој на регионот преку зајакната, модернизирана економија, висок квалитет на услуги кон граѓаните и одржување на чиста животна средина која ќе придонесе за висок квалитет на животот на населението во регионот".

Среднорочните цел, приоритети и мерки за остварување на визијата се презентирани во продолжение:

| **Среднорочна цел 1** | **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО РЕГИОНОТ** |
|---|---|
| **Приоритет 1.1** | **Развој на комунална инфраструктура** |
| **Мерки:** | 1. Изградба на водоводна мрежа во сите населени места во регионот<br>2. Изградба на одводни системи во сите населени места во регионот<br>3. Изградба на пречистителни станици во регионот<br>4. Санирање на диви депонии<br>5. Изградба на регионални депонии<br>6. Изработка на систем за селекција и рециклирање на отпадот<br>7. ЈПП за изградба и управување со комунални дејности<br>8. Изработка на проекти за комунална инфраструктура<br>9. Изградба на комунална инфраструктура во подрачјата со специфични развојни потреби |

| | |
|---|---|
| **Приоритет 1.2** | **Унапредување и модернизација на енергетска инфраструктура** |
| **Мерки:** | 1. Гасификација на индустријата и домаќинствата<br>2. Целосна покриеност на регионот со електро-дистрибутивна мрежа<br>3. Воведување на централни системи за греење во поголеми урбани средини во регионот<br>4. Зголемување на застапеноста на обновливи извори на енергија во регионот<br>а) Користење на биомаса како извор на енергија<br>b) Користење на сончева енергија<br>c) Користење на гео-термална енергија<br>d) Користење на водотеци за добивање енергија<br>e) Користење на ветер за добивање енергија |
| **Приоритет 1.3** | **Развој на инфраструктура за подобар економски развој** |
| **Мерки:** | 1. Изградба и развој на индустриски и индустриски зелени зони<br>2. Формирање на агро - индустриска зона (заедно со Пелагониски регион),<br>3. Изградба на научно-технолошки паркови<br>4. Изградба и развој на системи за наводнување<br>5. Привлекување странски инвестиции за рехабилитација или изградба на нови системи за наводнување<br>6. Изработка на проекти за инфраструктурни објекти |
| **Приоритет 1.4** | **Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност** |
| **Мерки:** | 1. Изработка на инфраструктурни проекти за патишта, јавен транспорт<br>2. Патна инфраструктура<br>a. Изградба на регионални патишта<br>b. Изградба на локални патишта<br>c. Асфалтирање на патишта во населени места<br>3. Развој на јавниот транспорт |

| | |
|---|---|
| | a. Зајакнување на градскиот и приградскиот јавен транспорт во општините и регионот<br>b. Изградба на автобуски постојки за градски и меѓуградски транспорт<br>4. Пристапни патишта до обработливи површини – тампонирање на патеките и патиштата |
| **Приоритет 1.5** | **Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот** |
| **Мерки:** | 1. Изработка на проекти за развојна туристичка инфраструктура<br>2. Обезбедена достапност до туристички и излетнички места, верски објекти<br>3. Изградба на адреналински паркови<br>4. Изградба на патеки за велосипеди, пешаци<br>5. Маркирање на патеките, поставување информативни табли, патокази до туристичките локации<br>6. Изработка на апликации за сите туристички и адреналински места во регионот<br>7. Реновирање на туристички атракции, стари градби од интерес за туристите |
| **Приоритет 1.6** | **Подобрување на инфраструктура во здравство, социјала и образование** |
| **Мерки:** | 1. Студија за инфраструктурни потреби во здравство, социјала и образование<br>2. Градба и реновирање на објекти од здравство, социјални услуги и образовни услуги во регионот<br>3. Изградба на регионален дом за стари лица<br>4. Изградба на детски градинки<br>5. Изградба на објекти за домување за лица во социјален ризик |
| **Приоритет 1.7** | **Подобрена урбанизација на општините** |
| **Мерки:** | 1. Подготовка и донесување на регионален просторен план.<br>2. Изработка на ДУП и ГУП во сите општини во регионот<br>3. Изработка на регистар на недвижности и евиденција на имотите<br>4. Изработка на студија за можности за формирање на меѓу-општинско тело за инспекциски надзор |

| Среднорочна цел 2 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО РЕГИОНОТ |
|---|---|
| **Приоритет 2.1** | **Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделието** |
| **Мерки:** | 1. Евидентирање на земјоделското земјиште во регионот<br>2. Поттикнување на окрупнувањето на земјоделски имоти и изработка на план за окрупнување<br>3. Поттикнување на развојот на земјоделски задруги, кооперативи<br>4. Поттикнување на развојот на сточарството, овоштарството, рибарство и лозарство<br>5. Промоција и поттикнување на еколошко земјоделско производство<br>6. Промоција и брендирање на автохтони заштитени производи<br>7. Поддршка на земјоделските стопанства при аплицирање на проекти за развој на земјоделските дејности<br>8. Поддршка на земјоделците при продажбата на нивните производи<br>9. Изградба на регионални промотивно-продажни центри за продажба на традиционални и типични производи од регионот<br>10. Поддршка на изградба на магацини, ладилници и други услужни дејности<br>11. Едукација на земјоделците и усовршување на знаењата за производство, презентација, промоција и продажба на производите<br>12. Одржување на регионални саеми и настани за промоција на земјоделието и производите |
| **Приоритет 2.2** | **Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места** |

| | |
|---|---|
| **Мерки:** | 1. Основање и поддршка на регионален бизнис центар за поддршка на преработувачката индустрија, инкубатори и акцелератори<br>2. Промоција и поддршка на паметна специјализација за индустриски развој во регионот<br>3. Промоција на концептот за циркуларна - кружна економија и поддршка на фирмите за нејзино практично воведување<br>4. Посредување во соработка со фирмите во индустриските зони<br>5. Промоција на регионалните преработувачки капацитети во земјата и меѓународно<br>6. Воведени брзи процедури за обезбедување потребна документација за отворање и водење бизнис во регионот<br>7. Зголемено користење на фондовите за поддршка на фирмите<br>8. Развивање нови зелени технологии и методи на производство;<br>9. Привлекување на странски и домашни инвестиции<br>10. Поддршка за воведување на иновациите во приватниот сектор |
| **Приоритет 2.3** | **Санирање на последиците од пандемијата и развој на туризмот во регионот** |
| **Мерки:** | 1. Воспоставување на одржлив систем за управување со дестинации<br>2. Развој на кадар во туризмот<br>3. Изработка на систем за категоризација на сместувачки капацитети<br>4. Поттикнување и промоција на руралниот и транзитниот туризам<br>5. Поттикнување на винскиот и гастрономски туризам<br>6. Промоција на здравствениот, верскиот и културен туризам<br>7. Вмрежување на туристички микро-дестинации во систем на заокружена понуда<br>8. Поттикнување на нудење на локални производи преку туристичките капацитети<br>9. Обезбедување на систем за редовно чистење и одржување на туристичките дестинации и опрема<br>10. Обезбедување на стручна помош за сопствениците на сместувачки капацитети во руралните подрачја |

| | |
|---|---|
| | 11. Изработка на туристички водич за регионот<br>12. Соработка со спортски клубови со цел развој на туризмот (веслање, лов, риболов, параглајдерство, велосипедизам, мото спорт, алпинизам...)<br>13. Изработка на студија за идентификување на конкурентските предности на регионот |

| Среднорочна цел 3 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО РЕГИОНОТ |
|---|---|
| **Приоритет 3.1** | **Зголемено искористување на обновливите и чисти извори на енергија и инвестиции во енергетска ефикасност** |
| **Мерки:** | 1. Зелени јавни набавки<br>2. Обезбедување на услови за развој и инвестирање во ОИЕ<br>3. Создавање услови за производство на биогас и био-гориво во регионот,<br>4. Субвенции за напуштање на валкани извори на греење<br>5. Поставување на фото-волтаични панели на јавни објекти, надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и сл.<br>6. Поддршка на компаниите во изработка на план за енергетска ефикасност |
| **Приоритет 3.2** | **Воведување и поддршка за селекција и рециклирање на отпадот** |
| **Мерки:** | 1. Изработка на студија за рециклирање на отпад<br>2. Набавка на опрема за селекција на отпад<br>3. ЈПП за рециклирање на отпад |

| | |
|---|---|
| **Приоритет 3.3** | **Намалување на индустриското загадување преку поддршка на фирмите кои испуштаат штетни материи** |
| **Мерки:** | 1. Ригорозна контрола на фирмите загадувачи<br>2. Помош на фирмите при изработка на елаборати за намалување на загадувањето<br>3. Помош на фирмите при аплицирање за средства за набавка на опрема за намалување на загадувањето<br>4. Поддршка за инсталирање филтри во малите и средни претпријатија кои испуштаат штетни материи во воздухот |
| **Приоритет 3.4** | **Заштита на луѓето од разни загадувања** |
| **Мерки:** | 1. Студија за идентификација на изворите на загадувањето<br>2. Обнова на возниот парк на патнички возила во јавниот и приватниот сектор<br>3. Обнова и модернизација на автобусите во јавниот превоз (минимум на метан, класа ЕУРО 6) и понатамошна модернизација на јавниот превоз (електричен и хибриден погон),<br>4. Набавка на мерни станици мерење на загаденоста на атмосферскиот воздух<br>5. Набавка на пречистувачи за воздух за градинките, училиштата и здравствените и административните објекти,<br>6. Замена на постоечките нееколошки системи за греење во домаќинствата, градинките, основните и средните училишта, здравствените и административните објекти во најзагадените градови, со горилници на плин, АЦ инвертори, ВРФ системи и топлински пумпи |
| **Приоритет 3.5** | **Заштита на природата и одржливо управување со природни ресурси** |
| **Мерки:** | 1. Воведување на систем за следење на загрозеност на природата и ресурсите<br>2. Креирање на регионален фонд за зачувување и управување со природата и природните ресурси (финансирана од општините и други извори)<br>3. Соработка и финансирање на невладиниот сектор со цел заштита на природата<br>4. Валоризација на природните ресурси<br>5. Изработка на проекти за заштита на реките, езерата, шумите, изворите<br>6. Креирање на систем за следење на заштитни појаси околу земјоделските површини |

| | |
|---|---|
| | 7. Креирање на систем за следење на одржувањето и проодноста на одводните канали<br>8. Основање на Регионален стационар за згрижување кучиња скитници |

| Среднорочна цел 4 | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ |
|---|---|
| **Приоритет 4.1** | **Подобрување на социјални услуги** |
| **Мерки:** | 1. Изработка на регионална студија за потребите домови за стари лица и градинки<br>2. Грижа за старите лица преку изградба на нови, проширување на постојните домови, или соодветна адаптација и пренамена на други капацитети,<br>3. Отворање на центри за дневно и привремено прифаќање на стари лица;<br>4. Обезбедување на патронажна служба за помош и нега на стари лица во нивниот дом;<br>5. Поттикнување на развој на специјализирани згрижувачки семејства за стари лица;<br>6. Отворање на мали групни домови за стари лица со ментална или телесна попреченост;<br>7. Обука на лица за давање социјални услуги<br>8. Отворање центри за згрижување и помош на лицата зависници;<br>9. Зголемување на бројот на дневни центри за ментално здравје,<br>10. Ширење на мрежата на центри за ран детски развој, особено во руралните средини<br>11. Унапредување на вон - институционалната социјална заштита, услуги во домовите на крајните корисници<br>12. Отворање на сензорни соби<br>13. Изградба на игралишта за деца со посебни потреби<br>14. Изработка на регионална програма за:<br>● грижа за лица со инвалидитет |

| | |
|---|---|
| | • грижа за деца и возрасни со посебни потреби<br>• грижа за лица со зависности<br>• грижа за домување на лица во социјален ризик |
| **Приоритет 4.2** | **Подобрен квалитет на настава во основните и средни училишта** |
| **Мерки:** | 1. Изработка на Програми за обука на наставен кадар во училиштата<br>2. Формирање на регионален центар за стручно образование со цел да се развива дуалното стручно образование и пост-средното образование (специјализација),<br>3. Обезбедување потребни помагала за следење на наставата на училиштата и учениците<br>4. Капитални инвестиции во основното и средното образование (изградба и санација на училишните објекти, особено на санитарните јазли, спортските сали и др.) |
| **Приоритет 4.3** | **Зачувување на безбедноста на луѓето и нивните имоти** |
| **Мерки:** | 1. Изработка на регионална програма за справување со природни непогоди, пожари,<br>2. Формирање на регионална горска служба за спасување<br>3. Изградба на вертикални противпожарни хидранти во урбани места<br>4. Поставување на надгледани камери по улиците на населените места |
| **Приоритет 4.4** | **Подобрување на примарната здравствената заштита** |
| **Мерки:** | 1. Подобрен пристап на жените до здравствена заштита, пред се амбуланти и гинеколошки ординации во руралните средини<br>2. Подобрен пристап на жените до мамографски прегледи |
| **Приоритет 4.5** | **Подобрена соработка со невладиниот сектор** |
| **Мерки:** | 1. Повици за финансирање на проекти на НВО од општински/регионален буџет<br>2. Заеднички настап на општините и НВО секторот при аплицирањето за грантови |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

| Приоритет 4.6 | Квалификација на работната сила |
|---|---|
| Мерки: | 1. Изработка на Студија за потребите на работодавачите од работна сила во регионот<br>2. Програми за преквалификација на работната сила |

| Среднорочна цел 5 | ЗАДРЖУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО РЕГИОНОТ |
|---|---|
| Приоритет 5.1 | Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот |
| Мерки: | 1. Подготовка на регионална стратегија за дигитална вклученост;<br>2. Подобрување на дигиталното описменување на учениците и на наставниот кадар,<br>3. Регионална поддршка на претприемништвото и почетните бизниси, со посебен фокус на женското претприемништво преку креирање на инструменти за поддршка, (бизнис центри, инкубатори, гарантен фонд, почетен фонд за основање на фирми, акцелератори)<br>4. Промоција на идејата за претприемништво<br>5. Промовирање на жените претприемачи<br>6. Воспоставување на информатички систем преку кој на лицата кои сакаат да започнат бизнис ќе им се обезбедат сите неопходни информации да ја реализираат нивната идеја<br>7. Промоција и поддршка на развојот на социјалното претприемништво<br>8. Формирање центар за поддршка на социјални претпријатија на ниво на плански регион |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ЗА СТАТУСОТ НА СИТЕ ПРОЕКТИ ВО 2020 ГОДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2020-2024 ГОДИНА:**

| Ред. Бр. | Стратешки цели/Приоритети/ Мерка | Активност | Вкупна вредност на проектот (во денари) | Извори на финансирање | Статус на проектот | Надлежна институција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1 | **Приоритет 1.1**<br>Развој на комунална инфраструктура<br>**Мерка:**<br>ЈПП за изградба и управување со комунални дејности | **Набавка на трактор со приклучна механизација за поголема заштита на животната средина во општина Лозово** | 2.737.547,00 денари<br>и кофинансирање од општина Лозово во висина од 60.000,00 денари | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион |
| 2 | **Приоритет 1.1**<br>Развој на комунална инфраструктура | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка:** ЈПП за изградба и управување со комунални дејности | **Набавка на повеќенаменски трактор со приклучна механизација за чиста Чашка** | 2.744.806,5 денари и кофинасирање од општина Чашка во висина од 60.000,00 денари | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Чашка |
| 3 | **Приоритет 1.1** Развој на комунална инфраструктура<br><br>**Мерка:** ЈПП за изградба и управување со комунални дејности | **Заштита на животната средина и подобрување на комуналните услуги во општина Росоман, преку набавка на специјализирано возило за собирање отпад** | 4.669.879,50 денари и кофинансирање од општина Росоман во висина од 60.000,00 денари | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион/општина Росоман |
| 4 | **Приоритет 1.4** Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност **Мерка:** Патна инфраструктура<br><br>**Приоритет 1.5** Подобрување на инфраструктура | **Патна инфраструктура до туристички локалитети: арехолошки локалитет Ѓуземелци Кнежје во општините Лозово и Св Николе, манастир Св. Архангел Михаил во општина Градско и куќата на Коле Неделковски во општина Чашка** | 24.190.018,82 | Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој ПРРР;<br><br>2021 година во висина од ; | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | поврзана со туризмот<br><br>**<u>Мерка</u>**<br>Обезбедена достапност до туристички и излетнички места, верски објекти | | | Финансиска контрибуција од:<br><br>Општина Лозово во висина од 450.000,00 денари;<br><br>Општина Свети Николе во висина од 1.500.000,00 денари;<br><br>Општина Градско во висина од 600.000,00 денари;<br><br>Општина Чашка во висина 600.000,00 денари. | | |
| **5** | **<u>Приоритет 1.6</u>**<br>Подобрување на инфраструктура во здравство, социјала и образование<br><br>**<u>Мерка:</u>**<br>Градба и реновирање на објекти од здравство, социјални услуги и | **Подобрување на здравствената состојба на пациентите преку набавка на амбулантско возило за итна медицинска помош** | 3.969.579,00 денари и кофинансирање од страна на општина Свети Николе во висина | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион/<br><br>Здравен дом - општина Свети Николе |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | образовни услуги во регионот | | од 60.000,00 денари | | | |
| 7 | **Приоритет 1.6**<br>Подобрување на инфраструктура во здравство, социјала и образование<br><br>**Мерка:**<br>Градба и реновирање на објекти од здравство, социјални услуги и образовни услуги во регионот | **Подобрување на условите за работа за спроведување на квалитетен воспитно образовен процес во ООУ Блаже Конески - Велес** | 5.914.393,50 | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион/ООУ ,,Блаже Конески,, Велес/Општина Велес |
| 8 | **Приоритет 2.1**<br>Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделиeто<br><br>**Мерка:**<br>Поттикнување на развојот на сточарството, | **Изградба на затворен регионален пазар** | 52.705.880,00 денари | Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој ПРРР<br><br>2019 година во висина од 15.000.000,00 денари | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | овоштарството, рибарството и лозарството | | | -Општина Велес кофинансирање во висина од 37.705.880,00 денари | | |
| 9 | **Приоритет 2.1** Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделието<br><br>**Мерка:** Поттикнување на окрупнувањето на земјоделски имоти и изработка на план за окрупнување | **Инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство** | 10.000.000,00 денари | Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој ПРРР<br><br>2021 година во висина од 9.000.000,00 денари;<br><br>Финансиска контрибуција од:<br><br>Општина Кавадарци во висина од 450.000,00; | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Неготино во висина од 250.000,00;<br>Општина Росоман во висина од 175.000,00; | | |
| 10 | **Приоритет 2.2**<br>Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места<br>**Мерка:**<br>Развивање нови зелени технологии и методи на производство<br>**Мерка:**<br>Поддршка за воведување на | **Формирање на прехрамбено-технолошки центар за развој на иновативни продукти**<br>**Активности:**<br>- Опремување на лабараторија за анализа на производи од прехранбен сектор-Апаратура за автоматизирана анализа на протеини од Kjeldahl;<br>- Опремување на лабараторија за анализа на производи од прехранбен сектор-Апаратура за автоматизирана анализа на масти по Soxlet;<br>- Опремување на лабараторија за анализа на производи од прехранбен сектор-Инструмент за определување на воден активитет (8w);<br>- Организација на промотивни работилници<br>- Промотивна кампања | 2.169.000,00 денари | Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка | Во завршна фаза на имплементација | Центар за развој на Вардарски плански регион |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | иновациите во приватниот сектор | | | | | |
| 12 | **Приоритет 3.4**<br>Заштита на природата и одрживо управување со природни ресурси<br><br>**Мерка:**<br>Основање на Регионален стационар за згрижување кучиња скитници | **Згрижување на бездомните животни, кучиња скитници во Вардарски плански регион преку изработка на проектна документација за изградба на регионален центар - прифатилиште** | 60.000 американски долари | УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион/ Општина Велес |
| 14 | **Приоритет 4.1**<br>Подобрување на социјалните услуги во регионот<br><br>**Мерка:**<br>Изградба на игралишта за деца со посебни потреби | **ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ – рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост** | 8.914.935,00 денари | Министерство за локална самоуправа/Швајцарска агенција за развој и соработка/Општина Велес<br><br>(Грантова шема за инвестициски проект) | Во фаза на имплементација | Центар за развој на Вардарски плански регион/ Општина Велес |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - SDC во висина од 3.479.602,75 денари<br>-МЛС во висина од 2.679.610,4 денари<br>Општина Велес во висина од 90.860,00 денари | | |
| **15** | **Приоритет 5.1**<br>Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот<br>**Мерка:**<br>Регионална поддршка на претприемништвото и почетните бизниси, со посебен фокус на женското претприемништво преку креирање на инструменти за поддршка, (бизнис центри, инкубатори, гарантен фонд, почетен фонд за | **Регионален иновациски хаб за општините од Вардарски плански регион** | 2.850.828,23 | На повик на ЕУ за прекугранична соработка со Р. Грција | Во фаза на евалуација | Центар за развој на Вардарски плански регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | основање на фирми, акцелератори) | | | | | |